РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-131/16
30.12.2021 год.
Валандово

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62, во врска со член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 29 и член 45 во врска со член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на шестата редовна седница, одржана на ден 30.12.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за млади на**
**Општина Валандово за 2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Програмата за млади на Општина Валандово за 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

Дека е преписот верен на оригиналот тврди
Овластен службеник

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020) и член 43-а од Статутот на Општина Валандово, Локалниот младински совет на Општина Валандово ја предлага следната

**ПРОГРАМА**

**за млади на Општина Валандово за 2022 година**

## 1. Вовед

Младите се иницијатори и носители на позитивните промени, како во државата, така и на локално ниво во општина Валандово. Тие се извор на идеи и иновации, потенцијал кој треба да се искористи и насочи кон социјален и економски развој на општината. Со градење на квалитетно партнерство помеѓу институциите и младите на локално ниво, ќе се обезбеди инклузивност, праведност и социјална интегрираност во носењето на идните политики за млади во општина Валандово.

Според Законот за младинско учество и младински политики терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години, а терминот „младинско учество“ претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младити на национално или локални ниво.

Годишната програма е во насока на остварување на одредени тематски области дефинирани во Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија 2016-2025, а прилагодени на локално ниво за општина Валандово.

Тематски области:

- Младинско учество
- Младинско информирање
- Образование
- Вработување и поддршка пред вработување
- Култура
- Спорт

**2. Тематски области**

- **Младинско учество** треба да претставува клучен механизам кој ќе води до подобрување на квалитетот на живот на младите во општина Валандово. Ефективното учество на младите е право, но и можност на младите жени и мажи да бидат вклучени во креирањето, носењето и реализацијата на политиките кои се од интерес на младите.
- **Младинско информирање** подразбира систем од активности преку кои се се пренесуваат информациите до младите. Во овој систем треба да се обезбеди пристап до информации кои се поврзани со младите, а се обезбедени од институции на централно или локално ниво, од НВО секторот или други неформални извори. Креативноста на младите треба да биде во преден план и на иновативен начин да се прилагоди системот на информирање преку дигитални алатки и социјални мрежи.
- **Образованието** е фундаментално човеково право и е еден од најважните процеси кои ги креираат карактерот и личноста на младиот човек. Поддршката која институциите треба да ја овозможат за младите е да биде насочена кон унапредување на вештините на младите, поттик за понатамошни успеси во одредена област и мотив да пробаат нешто ново и различно.
- **Вработување и поддршка пред вработување** е тема на која треба сериозно да и се пристапи бидејќи недостатокот на поголема индустирија во општина Валандово го отежнува економскиот развој и независност на младите. Институционалната поддршка треба да биде на повеќе нивоа вклучувајки едукација, правилно информирање и финансиска помош.
- **Културата** е фактор кој го поттикнува цивилизацискиот и социјален развој, ја зголемува општествената кохезија и ја профилира сликата на една општина. На културен план младите можат да придонесат во повеќе области вклучувајќи музика, театар, филм, уметност, сликарство, модерни танци итн. Тоа подразбира волонтерство во организација, планирање и реализирање на настани, поддршка на локални групи на млади и индивидуалци кои делуваат во областа на културата и сл.
- **Спорт** претставува секоја форма на физичка активност на младите и повозрасните преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичка подготвеност и ментална благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Општина Валандово, и регионот околу нас, е расадник на таленти во повеќе спортови и затоа мора да го унапредуваме и помагаме развојот на спортовите и спортистите на секој можен начин.

| Тематска област | Активност | Очекуван резултат | Временска рамка | Вид на ресурси | Предвидени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тема 1:** Младинско учество | **Активност 1:** Изготвување на Стратегија за млади на Општина Валандово и други документи од интерес на младите | Анализа на состојбите и мислењата на младите, поставување на цели за идните 3-5 години, изготвување на акционен план на активности. Зголемено младинско учество. | јануари-март | Работни простории со потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), конференциска сала, надворешни консултанти, репрезентативни и други непредвидени трошоци. | 10.000 ден. |
| **Тема 1:** Младинско учество | **Активност 2:** Работилници, обуки и натпревари (инклузивни, едукативни, разработка на иницијативи и сл.) | Месечни работилници кои ќе придонесат до поголемо младинско учество и активизам во креирање на младински политики и зголемување на општата одговорност. Обуки за потребите на ЛМС. | јануари-декември | Работни простории со потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), озвучување, осветлување, надворешни консултанти, репрезентативни и други непредвидени трошоци. | 10.000 ден. |
| **Тема 1:** Младинско учество | **Активност 3:** Еко и други акции | Подигнување на еко свеста кај младите и мотивирање за самоиницијативни активности од теми за екологија и заштита на животната средина. | јануари-декември | Опрема и облека за учесници, потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), репрезентативни и други непредвидени трошоци. | 15.000 ден. |
| **Тема 2:** Младинско информирање | **Активност 1:** Предавања и информативни сесии | Месечни предавања и информативни сесии за најразлични теми од областа на медицината, образованието, животната средина, | јануари-декември | Работни простории со потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), конференциска сала, озвучување, осветлување, | 10.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | медиумска писменост и други теми кои треба да ја подигнат свеста кај младите. | | надворешни консултанти, репрезентативни и други непредвидени трошоци. | |
| **Тема 2:** Младинско информирање | **Активност 2:** Младински медиум | Механизам за креативно младинско информирање за настани што се случуваат на локално ниво. | март-декември | Работни простории со ИТ опрема и потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), надворешни консултанти и други непредвидени трошоци. | 50.000 ден. |
| **Тема:3** Образование и проекти | **Активност 1:** Еднократни награди за успешни и креативни млади | Поддршка и мотивација за превземање на идни чекори, континуираност на успеси, нови идеи и иновации кои ќе вклучува ученици и студенти на генерација, висок успех на регионални и државни натпревари, студенти со висок успех на државни и факултети во странство, иновативни и креативни проекти и сл. | мај-јуни, ноември | Финансиски средства за награда по категории. | 60.000 ден. |
| **Тема 4:** Вработување и поддршка пред вработување | **Активност 1:** Обуки и едукативни сесии | Обуки и едукативни сесии за самовработување за да ги доближиме информациите до младите, кариерно насочување на средношколци и студенти, невработени | март-октомври | Работни простории со потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), конференциска сала, озвучување, осветлување, надворешни консултанти, | 5.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | млади лица и друго. | | репрезентативни и други непредвидени трошоци. | |
| **Тема 5:** Култура | **Активност 1:** Културни настани | Поттикнување на културата и зголемување на агендата на културни настани (театар, кино, забава и уметност) и афирмација на локалните елементи од областа. | јануари-декември | Работни простории со потрошен канцелариски материјал, промотивен материјал (изготвување и печатење), одобрение за користење јавен простор и сала за настани, ИТ опрема, озвучување, осветлување, хонорар за изведувачи, репрезентативни и други непредвидени трошоци. | 300.000 ден. |
| **Тема 6:** Спорт | **Активност 1:** Спортски настани | Поттикнување на различни спортски активности и вклучување на локални и регионални млади. Поттикнување на социјализацијата меѓу младите и здравите животни навики. | март-септември | Опрема за учесниците, спортско уредување на терени, промотивен материјал (изготвување и печатење), озвучување, осветлување, хонорар за изведувачи и учесници, превоз, репрезентативни и други непредвидени трошоци. | 100.000 ден. |
| **Тема 6:** Спорт | **Активност 2:** Спортски награди | Афирмација на спортот во општина Валандово и наградување на талентирани и успешни млади спортисти. | јануари-декември | Финансиски средства, спортска опрема, репрезентативни и други непредвидени трошоци. | 30.000 ден. |
| | | | | **ВКУПНО:** | **590.000 ден.** |

**3. Начин на финансирање**

Според Законот за младинско учество и младински политики од буџетот на Општина Валандово треба да се издвојуваат средства од најмалку 0,1% на годишно ниво.

Финансиските средства за реализација на Програмата за млади на Општина Валандово ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, со можност и за други извори на финансии како што се проекти, соработка со Агенција за млади и спорти и невладини организации кои работат во областа на младите.

**4. Извршител на програмата**

Задолжен за извршување на активностите предвидени во оваа Програма е Локалниот младински совет на Општина Валанадово во соработка со Општина Валандово, а координирано преку службеникот за млади во Општина Валандово.

Локалниот младински совет и службеникот за млади во Општина Валандово, на годишно ниво изготвуваат извештај за работата на ЛМС и реализацијата на предвидените активности од оваа Програма.

**5. Завршни одредби**

Програмата за млади на Општина Валандово за 2022 година влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово".

**Општина Валандово**
**Локален младински совет**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ВАЛАНДОВО

Службеник за млади
во Општина Валандово